Бр. 02 – 216

30.05.2023 год.

# ЗАПИСНИК

Од седница на Собранието на акционери при А.Д. "Мода" Св. Николе одржана на ден 30.05.2023 год. со почеток во 11,00 часот во трпезаријата на Друштвото.

На седницата присуствуваа: господин Манфред Михалски ополномоштен да ги застапува фирмите: "New Look-Design" од Oldenburg, Германија со 345.609 акции со право на глас, A.J.T. Vermogensverwaltung – GmbH од Oldenburg, Германија со 236.563 акции со право на глас, L.M.K. Holding GmbH од Bad Zwischenahn, Германија со 236.564 акции со право на глас и 15 акционери со 251.264 акции со право на глас или вкупно 1.070.000 акции со право на глас односно 74.74 % од вкупните акции со право на глас.

Како поканети присуствуваа: Кристина Тилиќ претставник на Друштвото за ревизија "ПКФ ЕФП" од Скопје, Мара Саздовска Претседател на Одборот на Директори, Ангел Димитров извршен директор.

Седницата ја отвори господин Манфред Михалски. Тој ги поздрави присутните акционери и гостите и предложи да започне седницата по нормалниот редослед и да се гласа за претседавач на седницата, при што за претседавач на седницата го предложи Панев Боро.

Собранието на акционери едногласно го избраа Панев Боро за Претседавач на седницата.

Панев Боро се заблагодари на укажаната доверба да претседава со денешното Собрание и предложи да се продолжи со процедуралниот дел од Собранието односно да се изберат работни тела на Собранието, записничар, заверувачи на записникот и бројачи на гласови.

Собранието на акционери со 74,74 %од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас ги избра за записничар Сања Филиповска Бошкова, за заверувачи на записникот Гоце Миланов и Зоран Тодосов, а за бројачи на гласови Виолета Димитрова и Славица Давиткова.

Потоа се премина на работниот дел од Собранието.

Претседавачот констатира дека според списокот на акционери на денешното Собрание присуствуваат 15 акционери со 1.070.000 акции. Според тоа на Собранието учествуваат 74,74% од вкупните 1.431.617 акции со право на глас и има кворум за работа.

Потоа Претседавачот го прочита дневниот ред предложен од Одборот на директори:

1. Усвојување на Записникот бр. 02 – 369 од 26.05.2022 год.
2. Усвојување на Записникот бр. 02 – 725 од 30.09.2022 год.
3. Разгледување и усвојување на Годишната сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Друштвото за деловната 2022 година.
4. Донесување на Одлука за распределба на нето добивката остварена по Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2022 година.
5. Донесување на Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото.
6. Разгледување и одобрување на ревизорскиот извештај од назначениот овластен ревизор за вршење на ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи, со Мислење.
7. Донесување на Одлука за назначување на овластен ревизор за вршење на ревизија на Годишната сметка и Финансиските Извештаи на МОДА АД Св. Николе за деловната 2023 год.

Дневниот ред е ставен на претрес и дискусија.

Откако никој не се јави за дискусија се премина на гласање.

Собранието на акционери со 74,74% од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас го усвои дневниот ред.

## Тек на седницата

точка 1

Претседавачот на Собранието на претрес и дискусија го стави Записникот бр. 02 – 369 од 26.05.2022год. Се предлага да се чита записникот бидејќи не објавен на веб страната на А.Д Мода и на Македонската берза за хартии од вредност.

Председавачот ја замоли Сања Филиповска Бошкова да го прочита записникот бр. 02 – 369 од 26.05.2022год.

Откако Записникот беше прочитан и никој не се јави за дискусија претседавачот го стави на гласање

Бидејќи никој не се јави за дискусија претседавачот го стави на гласање.

По извршеното гласање Записникотбр. бр. 002 – 369 од 26.05.2022год се усвои со 74,74% од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас без измени и дополнувања.

точка 2

Претседавачот на Собранието на претрес и дискусија го стави Записникот бр. 02 – 725 од 30.09.2022 год. Се предлага да не се чита Записникот бидејки тој Записник се однесуваше на заминувањето на неизвршниот директор Јорданчо Давитков во пензија а на негово место беше ставен Владимир Стојанов.

Претседавачот го стави на гласање Записникот бр. 02 – 725 од 30.09.2022 год.

Бидејќи никој не се јави за дискусија претседавачот го стави на гласање.

По извршеното гласање Записникотбр. бр. 002 – 369 од 26.05.2022год се усвои со 74,74% од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас без измени и дополнувања.

Точка 3

По оваа точка од дневниот ред на претрес и дискусија се стави одобрувањето и усвојувањето на Годишната сметка, Финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Друштвото за деловната 2022 год.

Збор зема Извршниот директор Ангел Димитров кој рече дека 2022 година за разлика од претходната година која беше една од најлошата година од приватизацијата и дека проблемот со цената на електричната енергија кој беше во 2022 година полека се враќа во нормала. Инвестиравме во уште едни солари на камотекс зградата , камотекс до сега не користеше ништо од старите панели за вкупната заштеда биде поголема се одлучивме за оваа инвестиција. Сумата која месечно се плаќа за дистрибуција за една трафостаница е 160.000 денари месечно сега ќе ја намалиме со тоа што ќе се приклучиме само на една трафостаница кој ќе ги задоволува потребите за двете фирми. Други карактеристики околу работењето на Друштвото е дека оваа година имавме многу работа за разлика од 2021 година кога немавме работа . Во 2022 година нашата фирма партнер Casa Moda на пазарот одлично продаваше и ден денеска добро им оди покрај тоа што секојдневно пропаагат фирми од текстилната индустрија. Истите ни вршат притисок за поголем капацитет но за жал имаме проблем со наоѓањето на нови работници но ние иако имаме простор за нови работници тешко ни оди наоѓањето на нови работници тешко се наоѓаат млади луѓе знаете дека во 2021 година имавме технолошки вишок поради тоа имаме забрана за вработување нови работници до Септември 2023 година поради тоа пробавме и преку агенција за привремени вработувања од кои имаме околу 70 вработени но за жал малку од тие луѓе се добри работници. Оние кое можат да остварат норма ќе останат на работа додека другите нема да може да работат. Ќе пробаме од Септември да организираме школо за шивачки за кои ќе може да се земат средства од државата, но се сомневам колку луѓе ќе се пријават. Наредните години немаме многу луѓе кои ќе одат во пензија така што нема да имаме проблем со работата ќе успееме некако да го задржиме овој капацитет за работа. После 2025 година доаѓа период на пензионирања од кои околу 150 луѓе од Мода и Камотес ќе одат во пензија и тогаш ќе видиме ќе размислуваме дали ќе се увезува работна сила дали државата ќе даде

некои други мерки. Вкупното производство ни е за 10 % поголемо од 2021 година а 6 % помалку работни часови во извоз израчунато 32% поголем извоз. За оваа година се договоривме со доминатниот наш акционер за ново покачување на цената за 0,30 евра по кошула за да може да се качат платите. Значи можеме да очекуваме дека Јули , Август ќе има одреден пораст на платите Добрата продуктивност во 2022 година даде резултат и во билансот многу подобри резултати вкупните приходи ни се за 23% поголеми од 2021 а расходите ни се само за 2 % помали Трошоците по вработен се за 15 % помали така што нето добивката за 2022 година е 9.897 245 илјади денари што не е многу голема далеку од тоа што некогаш е била. Оваа добивка ќе се инвестира во нови автомати.

Јас се надевам дека следните години ќе бидет добри ако продолжи каса мода да продава со оваа темпо има промена во сопственоста во CASA MODA затоа што стариот газда е отиден во пензија има млади луѓе со голем ентузијазам и многу добро им оди работата. Можеме да бидеме задоволни со тоа што сме финансиски стабилни, што немаме кредити и не плаќаме камати и сме ликвидни. Но таа ликвидност ќе биде добра се додека не покажуваме идни загуби.

За збор се јави еден од присутните акционери Орце кој се обрати и рече дека мора да се даваат поголеми плати за да младите останат во државата да се направат договори со кои младите нема да можат да си одат.

Збор зема Извршниот директор Ангел Димитров кој рече дека целосно е во право Орце но нашата држава очигледно сега за сега така не размислува. Колку и да настојувавме да се вложува во младите со тренинзи обука итн младите и покрај тоа се многу несериозни кога им текне напуштаат работа. На овој разговор се приклучи и Кристина Тилиќ која даде ист пример кој и се има случено претходната недела каде една работничка од денес за утре кажува дека не доага на работа од наредниот ден и истата рече дека младите денес се такви и тешко дека тоа ќе се смени.

Откако никој друг не се јави за дискусија Претседавачот на седницата ја стави на гласање најпрвин Одлуката за одобрување и усвојување на Годишната сметка на А.Д. “Мода” и финансиските извештаи за 2022 год.

Одлуката за одобрување на Годишната сметка на А.Д. “Мода” и финансиските извештаи за 2022 год. е усвоена со 74,74% од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас.

На гласање се стави Одлуката за одобрување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на А.Д. “Мода” Св. Николе за 2022 год.

Одлуката за одобрување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на А.Д. “Мода” Св. Николе за 2022 год. е усвоена со 74,74% од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас.

точка 4

Донесување на Одлука за распределба на нето добивката остварена по Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2022 година.

Извршниот директор Ангел Димитров истакна дека целокупната нето добивка во износ од 9,897,245 денари се распределува за нови инвестиции. Оваа година нема можност за Дивиденда бидејќи сумата е многу мала се надеваме дека ако некоја од наредните години оствариме поголема добивка ќе може да се исплати Дивиденда.

За збор се јави еден од присутните акционери Орце кој се обрати и рече дека сите акционери сакаат да земат дивиденда бидејки имаат пониски примања и им требаат доплонителни приходи.

Извршниот директор Ангел Димитров рече дека претходната година сме биле во загуба од 31 милион а оваа година имаме 9 милиони добивка мора вака да се издвојува за да ако во некоја од следните години дојде до некоја загуба нема фирмата да биде во можност да исплаќа плати на работниците мора да се заштитиме за иднината .

Откако никој друг не се јави за дискусија Претседавачот на седницата ја стави на гласање Одлука за распределба на нето добивката остварена по Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2022 година.

Одлука за распределба на нето добивката остварена по Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2022 година е усвоена со 74,58% од вкупните акции со право на глас или 99.84% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас и еден против со 0,16% од вкупните акции .

точка 5

Донесување на Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото.

Збор зема Извршниот директор Ангел Димитров кој рече дека ние сме тие кои гледаме за доброто и иднината на фирмата и работниците и на пензионерите и се трудиме да ја задржиме фирмата. Во оваа Одлука гласаме за работата и довербата на членовите на Одборот на директори на Друштвото Ангел Димитров, Манфред Михалски, Мара Саздовска и Владимир Стојанов.

Претседавачот на седницата го стави на гласање одобрувањето на работата на Извршниот директор Ангел Димитров.

Собранието на А.Д. "Мода" со 74,74% од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас ја одобри работата на Извршниот директор Ангел Димитров.

На гласање се стави одобрување на работата на Неизвршниот директор Манфред Михалски.

Собранието на А.Д. "Мода" со 74,74% од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас ја одобри работата на Неизвршниот директор Манфред Михалски.

На гласање се стави одобрување на работата на Неизвршниот директор и претседател на Одборот на директори Мара Саздовска.

Собранието на А.Д. "Мода" со 74,74% од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас ја одобри работата на Неизвршниот директор и претседател Мара Саздовска.

На гласање се стави одобрување на работата на Неизвршниот директор на Одборот на директори Владимир Стојанов.

Собранието на А.Д. "Мода" со 74,74% од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас ја одобри работата на Неизвршниот директор Владимир Стојанов.

точка 6

Одлука за Разгледување и одобрување на ревизорскиот извештај од назначениот овластен ревизор за вршење на ревизија на Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2022 год., со Мислење.

Збор зема Кристина Тилиќ претставникот од ревизорската куќа Друштво за ревизија "ПКФ ЕФП" ДООЕЛ од Скопје која ги поздрави сите присутни и упати посебна благодарност до раководството.

Ние како надворешен ревизор имаме обврска да дадеме мислење дали финансиските извештаи на Друштвото се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Притоа мислењето може да биде позитивно, негативно или мислење со резерва. Во овој случај, исто како и претходната година зборувавме доста за мислење со резерва и нашето мислење е мислење со резерва во делот на резервните делови, а во

сите други аспекти констатираме дека Финансиските извештаи се објективни и се ослободени од сите материјални погрешни прикажувања.

Исто како и претходната година проблем е залихата на резервните делови. Резервните делови како претходната така и пред претходната година се движат околку 9.500.000,00 денари. Оваа година изнесуваат 9.100.000,00 денари. Менаџментот се обидува да ги реши но нивното решавање има даночни реперкусии. Најлесниот начин е нивно отпишување но со самото тоа треба да се плати 39% данок на добивка и данок на додадена вредност. Од таа причина менаџментот не се одлучува наеднаш да ги отпише резервните делови, туку ќе се отпишуваат дел по дел при што секоја година треба да се обезвреднат односно дека не може да се користат и да се фрлат во отпад. За да во иднина нема даночни реперкусии треба секоја година барем да се отпишува по 1.000.000,00 денари.

Што се однесува за сите други аспекти веќе реков дека имаме позитивно мислење, односно со други зборови финансовиот сектор одлично си ја врши работата.

По извршеното гласање Собранието на АД "Мода"со 74,74% од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас ја усвои Одлуката за одобрување на Ревизорскиот извештај од назначениот овластен ревизор за вршење на ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи со мислење за 2022 год.

точка 7

Донесување на Одлука за назначување овластен ревизор за вршење на ревизија на Годишната сметка и Финансиските извештаи на АД Мода Св. Николе за деловната 2023 год.

Збор зема Извршниот директор Ангел Димитров кој рече дека имаме две понуди за ревизија фирма Расел бетфорд Атанасовски со понуда од 2000 евра и Друштвото за ревизија ПКФ ЕФП" ДООЕЛ со понуда 1400 евра.

Тој предложи за 2023 година како овластен ревизор за вршење на ревизија на Годишната сметка и Финансиските извештаи на АД Мода Св. Николе да биде Друштвото за ревизија ПКФ ЕФП" ДООЕЛ од Скопје.

По извршеното гласање Собранието на АД "Мода" со 74,74%од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на

глас ја усвои Одлуката за назначување на Друштвото за ревизија ПКФ ЕФП" ДООЕЛ од од Скопје за овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2023 год.

Претседателот на собранието праша дали има некој од присутните уште некое дополнително прашање или предлог.

Еден од присутните праша дали оваа година ќе има Регрес за годишен одмор.

Извршниот директор Ангел Димитров рече дека ќе гледа да се исплати до месец Јули.

По исцрпувањето на точките од дневниот ред седницата на Собранието на акционери заврши со работа во 12,30 часот.

Собрание на А.Д. "Мода"

Претседавач

Панев Боро ____________

Записничар:

Сања Филиповска Бошкова ____________

Бројачи на гласови:

1. Виолета Димитрова ____________

2. Славица Давиткова ____________

Заверувачи на Записникот:

1. Зоран Тодосов ____________

2. Гоце Миланов ____________